МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита на животната средина
бул. „Јане Сандански“ бр. 109 Б
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-1988/2
19 JUL 2024 20 ___ год.
СКОПЈЕ

До
в. д. Градоначалник
на Општина Аеродром
Дејан Митески
- тука

Врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), а во врска со доставен предлог за одобрување на Планска програма за измена и дополнување на Детален урбанистички план за градска четврт И17 блок И17.03, Општина Аеродром, Скопје, Комисијата за урбанизам на Општина Аеродром формирана од градоначалник со Решение бр. 04-10712/1 од 29.12.2022 година, Решение за измена на Решение за формирање Комисија за урбанизам бр. 04-1236/1 од 22.2.2023 год., Решение за измена на Решение за формирање Комисија за урбанизам бр. 04-1236/2 од 23.05.2023 год. и Решение за измена на Решение за формирање Комисија за урбанизам на Општина Аеродром бр. 04-1236/3 од 15.6.2023 година дава:

# ПРЕДЛОГ

## за одобрување на Планска програма за измена и дополнување на Детален урбанистички план за градска четврт И17 блок И17.03, Општина Аеродром, Скопје

Преку електронскиот систем е-урбанизам е доставено барање со бр. 62626 со архивски бр. 18-1988/1 од 5.6.2024 година за одобрување Планска програма за измена и дополнување на Детален урбанистички план за градска четврт И17 блок И17.03, Општина Аеродром, Скопје, со тех. бр. 0801-279/24 од 06.2024 год. изработена од Друштвото за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на блокот И 17.03, како што е одреден со Урбанистичкиот план за четврт И 17 Скопје 2014-2022, која се движи како што следува:

- на североисток се движи покрај оската на собирната улица „3-та македонска бригада“ (Профил „А“), како што е планирана со ГУП Скопје 2012-2014,
- на југоисток се движи по оската на градската магистрална улица бул. „Србија“ (Профил „Б“ С.38-В.33), како што е планирана со ГУП Скопје 2012-2014,
- на југозапад започнува движејќи се по оската на сервисната улица С5, па продолжува по оската на сервисната улица С3 (профил Б-Б), како што се планирани со УПЧ И 17 Скопје 2014-2022 и
- на северозапад се движи по оската на сервисната улица С4, како што е планирана со УПЧ И 17 Скопје 2014-2022.

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаната граница изнесува 83246,13 $m^2$, односно 8,32 ha. Периметарот на планскиот опфат се движи по оските на околните планирани улици со ГУП на Град Скопје 2012-2022 и УПЧ И 17 Скопје 2014-2022 и изнесува 1345,64m'. Површината на блокот И 17.03 до регулациската линија на ниво на блок како што е дефинирана со УПЧ И 17 Скопје 2014-2022, изнесува 6,19 ha.

Комисијата за урбанизам на Општина Аеродром, Скопје, го разгледа барањето за одобрување на Планската програма и констатира:

Планската програма со технички бр. 0801-279/24 од 06.2024 год. од Друштвото за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје е изработена согласно со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23). Запазени се и одредбите од Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ 11/18 и 42/20).

За регуларноста на планот во однос на параметрите дадени со ГУП е надлежен Град Скопје и други институции, од кои во текот на постапката за донесување на урбанистичкиот план треба да се обезбедат мислења и согласности.

Врз основа на горенаведеното, согласно со член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), Комисијата за урбанизам му предлага на в. д. градоначалникот на Општина Аеродром да ја одобри Планската програма за измена и дополнување на Детален урбанистички план за градска четврт И17 блок И17.03, на Општина Аеродром, Скопје.

**Комисија за урбанизам:**

Иван Кокалановски, д.и.а

Страшко Хаџи Коцев, д.и.а

Зоран Пауноски, д.и.а

Јован Христоски, д.с.и Jovan Hristoski Digitally signed by Jovan Hristoski Date: 2024.07.18 15:22:17 +02'00'

Елена Дракуловска Гигов, д.и.а Elena Drakulovska Gigov Digitally signed by Elena Drakulovska Gigov Date: 2024.07.16 15:26:00 +02'00'

Александар Јанакиески, д.и.а Aleksandar Janakieski Digitally signed by Aleksandar Janakieski Date: 2024.07.19 12:23:31 +02'00'

Републиka Северна Македонија Општина АЕРОДРОМ Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина

Датум: 12.07.2024 год.